**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Билјана Николовска**
**именуван за подрачјето**
**на Оснвниот суд**
**Куманово,Кратово и Крива Паланка**
**ул.Доне Божинов бр.9-2/13**
**тел. 031/550-722; izvrshitel.nikolovska@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 683/2026**

Извршителот Билјана Николовска од Куманово, ул.Доне Божинов бр.9-2/13 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителите Егзон Халити од Куманово со живеалиште на ул.Гиго Цветковски бр.12, и Ељон Хаљити од Куманово со живеалиште на ул.Гиго Цветковски бр.12, преку полномошник Адвокат Елизабета Цветковска од Куманово засновано на извршната исправа П4-39/23 од 17.11.2023 год. на Основен суд Куманово и ГЖ-1146/24 од 26.02.2026 год. на Апелационен суд Скопје, против должникот Наим Ајети од Куманово со живеалиште на ул.Клара Цеткин бр.8, за спроведување на извршување во вредност 1.858.110,00 денари на ден 08.06.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: гз,гнз, запишана во **имотен лист бр.77136 за КО Куманово** при АКН на СМ – ЦКН Куманово со следните ознаки:

ЛИСТ Б
КП 16139, дел 6, број на зграда/друг објект 0, в.м.11 Ноември , катастарска култура гз, гнз, класа 0, површина во м2- 3191,

Како и врз недвижност означена како гз,гнз, запишана во **имотен лист бр.84191 за КО Куманово** при АКН на СМ -ЦКН Куманово со следните ознаки:

ЛИСТ Б
КП 16149, дел 2, број на зграда/друг објект 0, в.м.Индустриска , катастарска култура гз, гнз, класа /, површина во м2- 865, сопственост на должникот Наим Ајети.

**Продажбата ќе се одржи на ден 30.06.2026 година во 14:00 часот во просториите на Извршител Билјана Николовска од Куманово, ул.Доне Божниов бр.9-2/13.**

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Билјана Николовска И.бр.683/26 од 21.05.2026 година, **изнесува 10.602.384,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Налог за извршување И.бр.683/26 од 03.04.2026 година. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши најдоцна до 29.06.2026 година на жиро сметката од извршителот со бр.**250007001101987 што се води во Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, даночен број 5017020506880.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.